Циклусот принтови Плата за живот е директно инспириран од овогодинешната Текстилијада и темата која таа ја об-
работува. Повторно задирам во темата на текстилните работници и повторно чувствувам мала нелагода: јас сум
само набљудувач, а не некој кој автентично ги живее овие проблеми. Затоа, одново создавам циклус каде се поста-
вувам како дизајнер, и се трудам низ принтовите да не зборувам јас, туку да зборуваат потребите на оние во чие
име ги изработив текстилните работнички и работници. Овој циклус од десет принтови е осмислен како дијалог,
односно има динамика на прашање и одговор. Прашањата во себе ја содржат ф актичката состојба т.е. пошата ре-
алност, а одговорите се она што се очекува како промена и трајно решение. Принтовите се дизајнирани врз автор-
ски фотографии од парчиња текстил, и токму тоа е визуелната нишка која ги врзува паролите (кои се всушност

општи и се однесуваат на сите работници и нивното право на плата) и работниците од текстилниот сектор. Освен
ова, на изложбата е поставена и времена подна инсталација која се состои од зборот ПЛАТА испишан со пепел.
Незаштитена и лесно расиплива, оваа инсталација реферира на непостојаноста и краткотрајноста на финансиската
компензација на работниците.

Циклус ПЛАТА ЗА ЖИВОТ
10 дигитални принтови
50x70cm, 2022

ПЛАТА
подна инсталација од пепел
варијабилни димензии,2022

Јана Јакимовска е родена во1981 во Скопје. Дипломира (2005) и магистрира (2009) на Факултетот за ликовни умет-
ности во Скопје. Освен со сликање се занимава и со дигитална уметност, мурално сликарство, фотографија, инс-
талации, графички дизајн, илустрација и перформанс. Голем дел од рецентното творештво и' се занимава со пра-
њата на телото, сепството, сексуалноста, позицијата на жената во современото општество. Имала 21 самост
изложба во Берлин, Њујорк, Белград, Приштина, Скопје, Гевгелија, Куманово и Штип. Учествувала на преку
ложби во САД, Германија, Италија, Литванија, Турција, Грција, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна
Северна Македонија. Учествувала на 18 ликовни симпозиуми во Грција, Хрватска, Србија и Македонија. Во
тов е вонреден професор на Ликовната академија на Универзитет Гоце Делчев во Штип.